# КРИТИКА И ПРИКАЗИ

**ЗЛЕТОВСКА ОБЛАСТ. Географско-историски осврт, Скопје, 1974, 708**

Во текот на 1974 година во издание на Собранието на општина Пробиштип, а во чест на 30-годишнината од ослободувањето на Злетовско, Кратовско и Пробиштипско од фашистичката окупација, излезе од печат гореспоменатава публикација. Таа, всушност, претставува солиден колективен монографски труд, во кој се третира географско-археолошките и историско-културните настани на Злетовската област од најстари времиња па до 1945 година.

Монографијата ги содржи сите елементи на едно строго научно издржано дело. Во таа смисла, на почетокот таа е збогатена со предговор и увод кон проблемот, на крајот со кратка библиографија и еден педесет и деветен страничен прилог на оригинални српски документи во превод кои се однесуваат на Злетовската област. Монографијата е проследена со осумнаесет фотокопии и со две карти: археолошка карта на Злетовската област и стопанска карта на Општината Пробиштип. Во монографијата, исто така, се поместени бројни табеларни показатели, списоци, елементи од народната фолклористика, кои воглавно потекнуваат од сигурни изворни материјали.

Автор на географскиот дел (7—113) на монографијата е д-р Тодор Кондев. Споменатиов Кондев најнапред се осврнува на производно-географските одлики на Злетовската област, давајќи при тоа куси географски податоци за климатските, хидрографските, биогеографските, педолошките и антропогеографските одлики на споменатава област. Кондев се осврнува и на рударството, земјоделството, сточарството и на другите основни гранки на дејност на населението во тој крај. Но уште поцелосно во таа смисла е обемното изнесување на Кондев за структурата и етничкото потекло на населението во Злетовската област, давајќи при тоа опширни податоци за местоположбата и типот на секое село и населба одделно.

Прв прилог на полето на археолошкото истражување на Злетовската област (137—208), е направен од музејскиот советник Апостол Керимидчиев. Во монографијата Керимидчиев се осврнува за најстарата историја на Злетовската област до доселувањето на Словените во тој крај на Македонија. Во таа смисла авторот ја презентира праисторијата на Злетовската област во грчко и римско време, потоа стопанскиот

и културниот развиток на тој крај во дадениот временски период, бројните праисториски и антички наоѓалишта, топоними и локалитети, давајќи при тоа доста податоци за нив. Посебно внимание авторот обрнал на едно од најбогатите антички наоѓалишта во Злетовско-кратовскиот крај, локалитетот Градиште, давајќи ја при тоа местоположбата, геолошката структура, бројните откриени податоци во ископините на овој познат локалитет.

Вниманието на читателите секако, ќе го предизвика историскиот дел од презентиранава монографија, чиј автор е проф. д-р Александар Апостолов. Како по својот обем, така и по исцрпните анализи, црпени пред сè од досега необјавени архивски материјали, како од домашните така и од странските архиви, консултирајќи бројна објавена изворна материја и бројна напишана литература за Злетовско-кратовскиот крај, анкетирајќи бројни учесници во настаните од поновата историја на овој крај, Апостолов успеал да даде целосна и единствена историја на Злетовската област од доселувањето на Словените во Македонија до 1945 година Споменатава историја Апостолов ни ја презентира преку пет дела.

Во првиот дел, Злетовската област од доселувањето на Словените до крајот на XIV век (211—228), Апостолов се осврнува на најстарата историја на споменатиов крај по доселувањето на Словените во тој крај, до турската наезда во Македонија. Потоа, авторот поопширно се задржува на историјата на Злетовско-кратовскиот крај под составот на византиската и средновековната српска држава, па сè до доаѓањето на Турците.

Вториот доста обемен дел, Злетовската област под турска власт од почетокот на XV до 1912 година (229—414), е поделен на пет глави. Во првата глава, Апостолов се осврнува на административната и територијалната промена во Злетовско-кратовскиот крај по доаѓањето на Турците. Доста аргументирано и со бројни показатели авторот го дава пописот на населението во Кратовската нахија, и неговите задолженија во XVI век.

Втората глава од историскиот дел на монографијата, Апостолов целосно ја посветува на просветата во Злетовската област од 1830 до 1912 година. Во таа смисла авторот најнапред се осврнува на старовремските школи, давајќи ја нивната генеза, нивните основни карактеристики и методи на дејности. Во склопот на оваа глава, посебно внимание и со обемна архивска аргументираност, авторот им обрнал внимание на дејноста на црковно-просветните и политичките пропаганди во Злетовската област, но и на отпорот на македонскиот народ спрема туѓите експанзионистички стремежи и посегнувања. Доста архивска документација Апостолов искористувал и при третата глава, каде што се третирани аграрно-правните односи на населението од оваа област од 80-тите години на минатиот век до 1912 година, потоа основните гранки на занимавање на населението и други дејности. Четвртата глава е посветена на ајдутството и арамиството во Злетовско-кратовскиот крај.

Петтата глава целосно е посветена на развитокот на Македонското националноослободително движење во Злетовската област. Во таа смисла Апостолов истакнува дека уште во 1894 година (не подоцна од 1896-та) во Злетовската област бил основан револуционерен кружок на чело со учителите Јосиф Даскалов и Панто Кусев. За брзото ширење мрежата на Тајната Македоно-одринска револуционерна организација во Злетовско, спрема Апостолов не мала улога одиграл и големиот апостол на Македонското националноослободително движење — Гоце Делчев. Доста простор во оваа глава Апостолов ѝ посветува и на познатата Виничка афера и последиците од неа во Злетовската област. Вниманието на авторот било свртено и кон настаните од Илинденското востание во Злетовската област, потоа за последиците од неуспешното востание, приложувајќи за таа цел доста обемен список на унакажани, ограбени, тепани и опожарени месни жители во Кратовската каза во 1903 година. Конгресот на Скопскиот револуционерен округ од 2 до 7 јануари 1905 година одржан на теренот на Злетовската област, исто така наишол на соодветно внимание во авторовото излагање. Посебен акцент во оваа глава Апостолов му обрнал на улогата на Лесновскиот манастир Св. Гаврило, кој автор го претставува како важен револуционерен пункт во Злетовската област во националнореволуционерниот период на македонскиот народ од 1893 до 1912 година. Во таа смисла авторот ја потцртал духовноста, а пред сè, револуционерната дејност на јеромонахот на споменатиов манастир — Козма, кој од 1895 до 1897 и повторно од 1902 до 1906 година со успех ја вршел функцијата на духовен старешина на Лесновскиот манастир а истовремено бил и организатор на Организацијата во тој крај.

Третиот дел, Злетовската област во Балканските и Првата светска војна (415—480), претставува историја на двете балкански и Првата светска војна во Злетовско и Кратовско, проследени со сите ѕверства и крвави последици што настанале како последица на војните. Обработката на споменатиов дел се темели на доста солидна архивска материја, што се согледува и од бројните изворни показатели што авторот така видливо ги приложува.

И четвртиот дел, Злетовската област во составот на Кралството Југославија (1918—1941) (481—608), исто така доста обемните изнесувања се темели на автентични, повеќето необјавени архивски материјали, кои на недвосмислен начин даваат слика на историјата на споменатава област меѓу двете светски војни. И овој дел е поделен на неколку глави. Уште во првата глава Апостолов се осврнува на последиците и на новонастанатите општествено-економски односи во Злетовско и Кратовско по завршувањето на Првата светска војна. Потоа авторот ги регистрира бројните терористички акции во Злетовската област спроведувани од страна на претставниците на Внатрешната македонска револуционерна организација (неоврховистичка), а особено терористичката дејност на познатиот во овој крај Мино Станковиќ, инструмент на тогашниот режим на Кралството Југославија

во источниот дел на Македонија. Понатамошните глави авторот им ги посветил на големата светска економска криза и последиците од неа во Злетовската област, на наемничкиот режим и политичката активност на граѓанските партии во Злетовско и Кратовско, на културно-просветните прилики во овој крај меѓу двете светски војни и друго.

Во петтиот најмал дел од историскиот дел на монографијата, Злетовскиот крај во Втората светска војна (609—626), Апостолов дава краток пресек на настаните за време на Втората светска војна. Во таа смисла авторот се осврнува на окупацијата на Македонија и приликите во Злетовскиот крај како последица на фашистичката окупација, потоа нелегалните акции на линијата на антифашистичката борба и борбите за национално ослободување. На крајот од споменатиов дел, Апостолов се осврнува на ѕверствата на фашистичкиот окупатор во Злетовскиот крај, на придонесот на населението од Злетовско и Кратовско во Народноослободителната војна, приложувајќи при тоа список на жртвите во споменатава крвава војна.

Автор на културниот дел на монографијата, Спомениците на културата во регионот на Злетово (629—640), е д-р Коста Балабанов. Во споменатово изложување, покрај бројните податоци за црквите и манастирите во Злетовскиот крај, Балабанов посебно внимание му обрнал на познатиот манастир Св. Гаврило Лесновски.

Вака приложениов колективен монографски труд претставува единствена публикација за Злетовско и Кратовско низ историјата, и своевиден придонес на географско-археолошкиот и историско-културниот развиток на овој регион на Македонија. Споменатава монографија претставува ценет прирачник во рацете на секој истражувач на полето на географијата, археологијата, културата, историја на уметноста, а особено на полето на историјата за Злетовско-кратовскиот крај. Поради тоа, публикуваната монографија претставува нов и многу драгоцен придонес во македонската историографија.

**А. Т.**

## УЧЕСНИЦИ И СВЕДОЦИ, Зборник сећања о делатности напредног учитељства Југославије до 1941 године, књ. I, стр. 677 и књ. II, стр. 667, Бгд., 1974.

При крајот на минатата година во Белград, во издание на Друштвото за изучување на дејноста на напредното учителство во Југославија, излезе двотомната книга под горе споменатиот наслов, во која се поместени автентични прилози на голем број учесници и сведоци на напредното југословенско учителско движење во периодот меѓу двете светски војни. Овој зафат на споменатото Друштво претставува доста значаен и своевиден специфичен прилог во нашата публицистичка дејност. Имено, ретко кое професионално здружение во Југославија, во периодот меѓу двете светски војни, имало во своите редови толкав голем број учесници и при-